# Кој ја негира автентичноста на климатското движење во Северна Македонија?

**Автор: Иво Босилков**

Никој не е премлад за да направи разлика. Кога во август 2018-та, 16-годишната Швеѓанка Грета Тунберг почна да ја напушта училишната настава секој петок барајќи решителни политики за справување со климатските промени од владата на нејзината земја, поддршка имаше единствено од своите родители. Две години подоцна, Грета е лидер на глобалниот феномен Fridays For Future, движење кое брои стотици илјади активни членови на светско ниво, и кое направи повеќе за човештвото да се придвижи кон решение за климатската криза од било која друга организација во последните децении. Дури и самиот назив "климатска криза" е резултат на активностите на климатското движење, кое ја доведе свеста за заканата на највисоко ниво досега.

Но, за жал, не и кај нас. Иако на светско ниво пред појавата на коронавирусот, а сигурно и по неговото исчезнување климата се претвора во тема број еден, во Северна Македонија, оваа проблематика за поголемиот дел од народот се уште претставува "шпанско село". Уште потрагично, кај младите свеста за овој егзистенцијален проблем е дури и помала отколку кај просечниот граѓанин. Во неделата за иднината меѓу 20-ти и 27-ми септември минатата година, во градовите на 185 земји на светот на улица излегоа речиси седум милиони луѓе, од кои мнозинството млади. На таа бројка, Скопје придонесе со едвај неколку стотици демонстранти, од кои во голем дел повозрасни и долгогодишни еко-активисти.

Како учесник во Маршот за иднината тие денови, бев шокиран од бледите погледи со кои младите ја посматраа поворката низ центарот на градот. Половина година порано, како еден од основачите на локалниот огранок наречен Петоци за Иднината Скопје, сметав на тоа дека ако ние постарите ги поставиме столбовите на ова движење и ја пренесеме пораката на младите, тие масовно ќе ни се придружат и ќе ја преземат борбата од нас. Заедно со мал број ентузијасти за животната средина, со месеци водевме кампања на социјалните мрежи и изведувавме герила акции на терен, со цел да допреме до умовите и срцата на младата популација.

Тоа што требаше да биде кулминација на климатскиот активизам, се претвори во антиклимакс. Водени од претпоставката дека оние чии животи ќе бидат најзасегнати од надоаѓачката катастрофа најгласно ќе бараат приоритизација на зелените политики, очекувавме младите да згрмат пред Владата во неделата на иднината. Очекувавме да ги

принудат политичарите да го трасираат патот до нула емисии на јаглерод диоксид до крајот на деценијата, трансформација на енергетскиот систем кон обновливи извори, воведување на мерки против индустриското и сообраќајно загадување, кое на краток рок им предизвикува смртоносни болести на нивните другари/ки и соученици/чки, а на долг рок ќе создаде пекол на единствената планета која ја имаме.

Не бевме во право. Младите едноставно не се појавија.

За неуспесите на секое социјално движење најпрвин мора да се погледне навнатре. Секако, недостатокот од искуство, работните обврски на неговите членови кои одземаат време од грасрутс волонтерството и погрешните стратешки проценки имаат удел во конечниот исход на активизмот. Меѓутоа, постојат и надворешни фактори, од кои најбитни се неинформираноста и апатијата. Многумина меѓу оние кои треба да претставуваат климатски пионери не ни знаат за проблемот, затоа што едноставно немаат од каде да ги добијат информациите за него. Руинираниот образовен систем воопшто не го третира, а нивните родители се презафатени да ги воспитуваат своите деца во духот на екологизмот, ако воопшто и самите го имаат.

Други пак, меѓу нивните врсници знаат за проблемот, но го гледаат политичкиот активизам како тој на Fridays For Future за губење време, кое може многу попаметно да се потроши со Фортнајт, или на Инстаграм, или едноставно во забава. Да, климатските промени се проблем, но што може една личност да направи за нешто да се промени? Политичарите и онака немаат слух. Повеќе смисла има младоста да се троши на убавините во животот, наместо донкихотовски да се инсистира на невозможното.

Ова се суштински потфрлања на системот, но не и неочекувани кога самиот тој систем континуирано ја произведува климатската криза. Меѓутоа неинформираните и апатичните во секоја борба за подобар свет на крајот биле привлечени од една критична маса која со нејзината страст решила да стане авангарда на таа борба. Но наместо тоа, таа критична маса денес е против климатското движење, и претставува бариера која ги спречува останатите да се приклучат.

За оваа категорија, климатските промени се измислица на некакви центри на моќ кои само сакаат да им ги земат автомобилите и моторите, да направат профит од некаква енергетска реформа, и со сила да ги натераат различните нации да соработуваат, иако нивниот природен однос треба да биде непријателски. Тие не веруваат дека Арктикот од осумдесеттите досега има изгубено речиси 15 проценти од својата ледена површина (територија со големина на Тексас) поради глобалното затоплување. За нив, глобалниот раст на временските непогоди како урагани и поројни дождови се коинциденција, а сушите минлива работа. Доволен доказ за сето ова е што понекогаш и на лето знае да заврне дожд, а зимите се уште се студени.

Ваквите ставови добија уште поголем интензитет со појавувањето на Грета Тунберг. Успехот секогаш создава и непријатели, што од завист, што од сомнеж за вистинската вредност на оној кој го остварил. Денес, оваа ситна тинејџерка ја нарекуваат аутистична марионета на новиот светски поредок, лажен пророк, неискрена манипулаторка. За нив, тоа што Грета е гласникот на климатското движење е најголемиот доказ дека целиот проблем е еден голем заговор.

Во дигиталната ера, конфликтот меѓу идеите се води во информациската арена. Поради нејзиниот огромен опсег и пристапност, таму сите имаат подеднаков глас, а единственото правило е дека нема правила. Во информациската арена не се бираат средства за да се дојде до предност во идејниот конфликт, и оттаму личната дискредитација е моќна алатка во услови на широко распространета корупција и диктат од финансиски мотиви. Па така, ако успееш да ги убедиш следачите дека личноста што промовира некаква идеја е корумпирана, тогаш си успеал да ја дискредитираш и идејата.

Во контекст на контрадикторни информации кои му го даваат значењето на поимот “пост вистина”, автентичноста е најценета валута. Таму лежи и почетниот успех на Грета, затоа што тешко е да се препознае некаква задна намера во ставовите на обично дете. Но нејзината возраст е исто така и причината за жестоките напади кои ги трпи. За многумина, тоа значи дека зад неа постои машинерија која и помага со говорењето во јавност, која лобира за да се појави на важни настани и да се сретне со важни личности.

Клучното прашање кое треба да се постави во овој момент се состои од само една буква. И?

Што со тоа?

Дали тоа значи дека Грета не верува искрено во опасноста која ни претстои? Дали тоа значи дека опасноста навистина не постои?

За да дојдеме до вистината, потребно е да се преиспитаме дали тоа во што веруваме потајно посакуваме да е точно. Тоа е клучната умешност на критичкото размислување. Кога сме изложени на информации кои ни ги активираат сетилата, тогаш може да ни биде антипатичен нечиј лик или начин на говорење. Тука почнува да се гради предиспозиција за негативно толкување на сите активности на тој лик, и на таа предиспозиција се надоврзуваат нашите размислувања за сите понатамошни негови постапки. Сето тоа се вклопува во нашата целосна перцепција за тој лик, која мора да биде конзистентна, бидејќи во спротивно, ќе бидеме збунети и несигурни, а никој не сака да се чувствува така.

Тој што ја “провалил” Грета Тунберг како неавтентична без сомнение ќе биде поподложен на негирањето на климатските промени. Меѓутоа, насоката на неговото резонирање е всушност обратна. Тој длабоко во себе посакува климатската криза да биде невистина, и

затоа става тежина на сите можни индикации дека Грета не е автентична. Тоа го посакува затоа што е многу полесно е да заспие навечер ако верува дека светот е непроменлив, дека проблем од ваков размер не постои, дека се ќе биде во ред. Но тоа не е така. Научниот консензус е дека ако се надмине точката од 1.5 степени на глобално затоплување, ќе започне верижна реакција, која во втората половина на 21-от век ќе резултира со десетици, можеби и стотици милиони мртви.

Антинаучниот менталитет води во пропаст. Сето тоа што сме како цивилизација, го должиме на науката. Како што климатолозите го предвидуваат овој развој на настаните, така и психологијата и социологијата укажуваат на недвосмисленоста на овие индивидуални и колективни процеси во пристапот кон Грета Тунберг, Fridays For Future и климатските промени. На науката мора да и се верува, тоа е една од главните пораки на Швеѓанката.

Затоа медиумската и информациска писменост е основна премиса во модерната ера. Ако младите се способни да дадат отпор на инстинктивната реакција околу застрашувачките пораки за глобалното затоплување, ако го стават под контрола одбранбениот механизам од непријатни информации, тогаш брзо ќе увидат дека нападите врз климатското движење потекнуваат од големите нафтени компании и нивните лобија. Само тие имаат интерес од статус кво состојба.

Но, способни ќе бидат единствено кога ќе ги оспособиме. Потребни се сите општествени институции да се вклучат во еманципацијата на младите. Потребни се системски промени, а не климатски промени.